

# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2025

–

ДЕСПИНА КОВАЧЕВСКА

Co-funded by the European Union

Norway

SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans

Reporting Diversity Network

Автор: Деспина Ковачевска
Експерт за методологија и уредник: Стефан Јањиќ
Издавач: „Innovative Media“ и
Институт за различност во медиумите - Западен Балкан

Мрежата за известување за разновидност (RDN) е воспоставена од Институтот за различност во медиумите. Партнери во проектот се: Институтот за различност во медиумите - Западен Балкан, „Albanian Woman in Audovisual“, Медиацентар Сараево, Косово 2.0, Центарот за истражувачко новинарство на Црна Гора, „Innovative Media“.

Co-funded by the European Union

Овааа публикација е финансирана од Европската Унија и регионалниот проект „СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан“, спроведен од „Centar za promociju civilnog društva“ (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ) и финансиран од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка (NMFA).

Содржината на публикацијата е единствена одговорност на спроведувачите на проектот и нужно не ги одразува ставовите на Европската Унија, Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка (NMFA), „Centar za promociju civilnog društva“ (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) или Институтот за демократија и медијација (ИДМ).





Reporting Diversity Network

# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2025

ДЕСПИНА КОВАЧЕВСКА

# Содржина


5 Вовед

6 Методолошки пристап

7 Наративи и поднаративи

7 Квантитативна анализа

9 Наративи на етничка омраза

11 Наративи на омраза против родот

12 Наративи на омраза против сексуалните малцинства

13 Анализа на сентиментите

14 Анализа на видливоста

15 Компаративна анализа

16 Превентивни и реактивни мерки за борба против наративите на омраза и дезинформациите

17 Заклучок

# Вовед

Обично луѓето чувствуваат омраза кон она што не го разбираат или го сметаат за закана. Кога таквите стравови се повторуваат доволно често, тие стануваат дел од колективната свест и го обликуваат начинот на кој општеството гледа на „другиот“.

Тука медиумите имаат клучна улога. Тие не се само пренесувачи на информации туку и ги толкуваат и обликуваат таквите информации. Изборот на зборови, слики и наслови може или да ги смири стравовите и да поттикне разбирање или, пак, да ја разгори нетрпеливоста. Во Северна Македонија, каде што политиката, етничката припадност и идентитетот се тесно поврзани, честопати медиумите служат и како огледало и како засилувач на општествените поделби.

Оттука, мониторингот на медиумите не значи само следење на информациите. Тој подразбира и анализа на начинот на кој се обликуваат наративите, како се шират говорот на омраза и дезинформациите и како може да се влијае или да се изменат овие процеси за да се создадат контранаративи.

Во периодот од 1 јануари 2024 година до 30 јуни 2025 година најголем дел од регистрираните случаи на говор на омраза се однесуваа на етничката припадност, а веднаш потоа следуваа нападите врз политичките противници. Анализата на повеќе категории покажа дека политичарите од различни етнички заедници се меѓу најчестите цели. Таквиот тренд ги отсликува длабоко вкоренетите етнички и политички поделби во Северна Македонија.

Говорот на омраза насочен кон албанското население дополнително го зајакнува наративот на поделба што ги прикажува Албанците како „главен проблем“ на македонското општество. Овој тренд го потврдија и анализата на наративите и анализата на сентиментите, кои открија дека највисокиот степен на омраза постојано се поврзува со етничката припадност.

Голем број случаи се поврзани и со родово базиран говор на омраза, најчесто насочен кон жените. Покрај етничките и политичките поделби, беа забележани штетни наративи фокусирани на приватниот живот и изгледот на жените наместо на нивните професионални квалитети. Честопати семејното насилство отворено се оправдува во јавните коментари, придружено со наративи што ја ограничуваат жената на вршењето конзервативни улоги и наведуваат како „треба“ да се однесува една жена. Во текот на овој период на мониторинг таквите наративи беа дополнително засилени од државни функционери и црковни лица, кои често ги поврзуваа со концептот на традиционално семејство, притоа дефинирајќи како треба да изгледа едно „вистинско“ семејство и какво однесување се очекува од жената во него.

Главен генератор на говор на омраза се приватни лица, најчесто преку објави и коментари на Фејсбук и на интернет-портали. Иако овие портали ретко објавуваат директен говор на омраза, нивното сензационалистичко и неетичко известување честопати ги разгорува штетните наративи, поради што тие се рангирани како втор најчест генератор на ваква содржина. И покрај обврската да ги модерираат содржините, овие платформи генерално не преземаат соодветни мерки или свесно го игнорираат проблемот.

Друг фактор што придонесува за постоењето на високо ниво на говор на омраза во медиумите е постојното законодавство што често се спроведува на неефикасен начин, при што во голем број случаи политичарите со висок профил не сносат одговорност. Иако во Северна Македонија постојат закони за борба против говорот на омраза, нивото на нивна примена е ниско и недоследно. Законот за дигитални услуги (DSA) сè уште не е на сила, а со оглед на тоа што поголем дел од говорот на омраза се среќава на Фејсбук, потребата за ефикасна регулација е уште поголема. Северна Македонија вложува напори да ги спроведе овие мерки како дел од процесот на пристапување кон ЕУ.

Овој извештај е дел од регионалниот процес на вршење мониторинг на говорот на омраза во медиумите, спроведен од партнерски организации во земјите од Западен Балкан, вклучително и Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија, под покровителство на Мрежата за известување за разновидност



# Методолошки пристап

За подготовка на овој извештај користени се и квантитативни и квалитативни методи, со цел да се направи сеопфатна и длабинска анализа.

Истражувањето се заснова врз широк концепт на говорот на омраза, без ограничување на критериумите за идентификација на таргетираните лица или групи. Мрежата за известување за разновидност го дефинира говорот на омраза како говор насочен кон поединци или групи што се заснова врз нивниот идентитет, без притоа да ги ограничува своите наоди на дефинициите содржани во националните законодавни рамки. Во мониторингот, исто така, се вклучени и штетни претставувања на маргинализирани групи.

Квантитативната анализа се користеше за мерење на зачестеноста, распределбата и досегот на инцидентите, а квалитативната анализа се фокусираше на наративите, начинот на нивно прикажување и пошироките општествени и политички контексти во кои се случиле овие инциденти. Собраните наоди беа класифицирани според неколку критериуми. Тие ги вклучуваа групата или поединецот кон кој е насочен говорот на омраза, генераторот на говорот на омраза, видот на дискурсот на омраза или дискриминација, досегот на содржината, видот на медиумот каде што е идентификувана содржината, како и поширокиот контекст на настанот.

За анализата на сентиментите во извештајот се применува методологијата на Универзитетот „Џорџ Вашингтон“, според која инцидентите се класифицираат во шест нивоа:

1. Несогласување - реторика со која се оспоруваат тврдењата, идеите и верувањата на одредена група;
2. Негативни дејства - реторика со која се опишуваат негативни, но ненасилни дејства поврзани со одредена група;
3. Негативно карактеризирање - реторика во која се вклучени ненасилно карактеризирање и навреди;
4. Демонизирање и дехуманизирање - реторика што вклучува припишување потчовечки или натчовечки карактеристики;
5. Поттикнување насилство - реторика што сугерира или повикува на нанесување физички повреди, буквално или метафорично;
6. Смрт - реторика што сугерира убиство или елиминирање на одредена група.

Мониторингот опфати традиционални медиуми (весници, телевизија и радио), интернет-портали и социјални мрежи (Инстаграм, Фејсбук, X [поранешен Твитер] и ТикТок). Посебно внимание им беше посветено на изјавите на јавните функционери и други влијателни лица, имајќи ја предвид нивната моќ да го обликуваат јавното мислење.

Мониторингот се вршеше и на македонски и на албански јазик, што ги одразува јазичната и етничката структура на Северна Македонија, каде што значителен дел од населението се етнички Албанци. Со овој двојазичен пристап се обезбедува евидентирање на говорот на омраза и штетното претставување на ниво на целата медиумска сцена во земјата.

# Наративи и поднаративи

## Квантитативна анализа

Во текот на периодот на мониторинг од 1 јануари 2024 година до 30 јуни 2025 година (18 месеци) беа регистрирани вкупно 138 инциденти на говор на омраза. Некои од овие инциденти беа класифицирани во повеќе категории, што ги одразува сложеноста и преклопувањето на различните форми на говор на омраза. Од сите регистрирани инциденти, 31,8 % беа насочени кон лица врз основа на нивната етничка припадност. Втора најчеста цел беа политичките или идеолошките противници со 25,2 %, а родот беше цел во 19,9 % од инцидентите. Овој тренд во голема мера е поврзан со претседателските и парламентарните избори што се одржаа во периодот од мај до април 2024 година и претстојните локални избори во октомври. Паралелно со тоа, интеракцијата на етничките динамики и поларизацијата помеѓу албанските и македонските партии придонесе за зголемување на меѓуетничкиот говор на омраза.




**СЛИКА 1**
ЦЕЛИ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Дополнително на тоа, говорот на омраза беше насочен и кон сексуалните малцинства што сочинуваа 7,3 % од инцидентите, како и кон новинарите со 6,6%. Најмалку таргетирани групи беа верските заедници со 3,3 % и лицата со попреченост со 2,6 %.

Што се однесува до видот на дискурсот на омраза и дискриминација, речиси половина од регистрираните случаи (41,2 %) содржеа навреди, вклучително и лични, понижувачки и деградирачки изрази. По нив следуваше негативното етикетирање, стереотипирање и изразување непријателство кон одредена група, кои сочинуваа 20,9 % од случаите. Провокативниот говор (на пример, содржини поврзани со конфликтни ситуации, повторливи пораки од различни чинители или продолжено известување од ист медиум) учествуваше со 11,3 %, а поттикнувањето насилство претставуваше 10,7 %, кои заедно се рангираа на трето место според видот на говорот на омраза.

Ширењето штетни лаги, вклучително и погрешни информации и дезинформации, е уште еден феномен што зазема значајно место, учествувајќи со 9,0 % во случаите. Ова ја потенцира врската помеѓу дезинформациите и говорот на омраза и покажува дека честопати се користат лажни или погрешни информации за поттикнување и разгорување на омразата.




**СЛИКА 2**

ВИД СОДРЖИНА НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Половина (52,7 %) од главните генератори на говор на омраза во текот на овој период на мониторинг беа приватни лица. Политичарите, државните функционери и политичките партии заседоа второ место со 16,0 %, а по нив се новинарите со 14,0 %. Инфлуенсерите и блогерите учествуваа со 8,7 %, што укажува на недостиг на регулација на оваа категорија во земјата. Обемот на говор на омраза што доаѓа од приватни лица е загрижувачки. Честопати тоа се манифестира преку споделување медиумски содржини со сензационалистички наслови или преку повторно објавување содржини, каде што придружните коментари, сами по себе, се коментари на омраза. Ова отвора дискусија за потребата од модерирање на коментарите во онлајн медиумите.




**СЛИКА 3**

ГЕНЕРАТОРИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА

## Наративи на етничка омраза

Штетните наративи и наративите на омраза беа насочени кон етничките малцинства во 31,8 % од случаите во Северна Македонија, особено кон етничките Албанци. Овој податок ја одразува етничката поларизација во општеството и последиците од конфликтите во минатото, но и политичкиот и социолошкиот контекст во кој живеат Македонците и Албанците. Во многу од случаите голем број од инцидентите, кои беа класифицирани во повеќе категории, беа оние што истовремено се насочени кон етничките заедници и политичките противници.

Често Албанците се претставуваат како натрапници што се обидуваат да ја преземат земјата, прикажувани како културно инфериорни и етикетирани како „племе“ или дури како „рак“ на општеството. Оваа реторика може да се забележи во мноштвото случаи насочени кон етничките заедници и таа постојано се засилува преку медиумите.

Овој тренд е видлив и кај младите. Во март 2024 година студентска забава во Скопје доби неочекуван тек кога пуштањето албанска песна кон крајот на настанот предизвика контроверзност и започна бран на говор на омраза на социјалните мрежи. Студентите што ја организирале забавата беа етикетирани како предавници. Националистичката група наречена „Патриотско друштво“, која се прокламира како „млада, амбициозна група патриоти полни со ентузијазам“, го критикуваше вклучувањето на песната во програмата. Во друг случај, пак, групата реагираше кога непознати лица напишаа навреди на албански јазик и оштетија споменик на кејот во Гостивар.

На објавата тие напишаа: „Со Шиптари нема преговарање затоа што нема разбирачка“, користејќи го понижувачкиот збор Шиптар и разгорувајќи го штетниот наратив дека заедничкото живеење и меѓусебното разбирање се невозможни. Коментарите под објавата дополнително придонесоа за ширење и засилување на овие наративи.

Друг пример е антиалбанската кампања што започна на социјалните мрежи по објавата на Фејсбук од сомнителен затворен профил. Авторот, без да наведе дополнителни детали, во објавата вели дека на каса во маркетот „Кипер“ во Северна Македонија продавачката одбила да ги кажува цените на производите на македонски јазик, односно наводно прво сакала да ги каже на мајчин јазик.

По ова, кампањата брзо се прошири на Инстраграм и X во Северна Македонија, која повикуваше на бојкот на маркетите „Кипер“ и „Кит Го“ само поради тоа што нивните сопственици се Албанци.

Наративот поврзан со јазикот повеќепати бил причина за појава на говор на омраза, како што беше случај со назначувањето на Бесија Илјази за економски директор на Клиниката за токсикологија. Во насловот, нејзиното назначување беше етикетирано како „скандалозно“, што поттикна бран на коментари околу нејзиното непознавање на македонскиот јазик и нејзините поранешни политички врски, иако Министерството за здравство соопшти дека таквото назначување е во согласност со законот.

Во дел од коментарите беа забележани екстремни изрази на говор на омраза, како на пример: „Ова е ракот на нашата држава, треба да се затворат сите албански универзитети“, насочени кон албанската заедница, со што се зајакнуваат штетните стереотипи и нетолеранцијата.

Понекогаш дури и прославите и националните симболи се користат како средство за поттикнување говор на омраза и на нив се гледа негативно. За време на прославите во Скопје на 28-29 ноември 2024 година на социјалните мрежи се појавија видеа на кои можеше да се види палење и скврнавење најпрво на македонското знаме, а потоа и на албанското, што предизвика етнички тензии и говор на омраза. Медиумите и политичките чинители придонесоа за ширење на овие содржини, а тоа дополнително ја влоши ситуацијата.

По инцидентот со палењето на македонското знаме, навивачката група Сити Парк Бојс постави транспарент на кој пишуваше „Сонцето што го газите ќе ве изгори“, како порака за случувањата од претходниот ден.

Политичките или идеолошките противници беа втора најчесто таргетирана група, сочинувајќи 25,2 % од регистрираните случаи, вклучително и конфликтите помеѓу опозицијата и владејачката партија, како и помеѓу албанските и македонските партии, како што беше споменато претходно. Овој силно поларизиран политички контекст, заедно со етничките тензии и двата изборни процеса, придонесоа за зголемување на бројот на случаи на говор на омраза во споредба со претходниот период на мониторинг, а истата година нивото остана високо.

Промената на името и натаму е доминантна тема во дискурсот помеѓу опозицијата и владејачката партија. Додека едната партија ветува дека ќе го врати старото име, членовите на другата партија се нарекуваат предавници или „Северџани“, погрден збор што значи „Северномакедонци“ и се користи за етикетирање на оние што ја прифаќаат промената.

Критиките на опозицискиот лидер Венко Филипче упатени кон Мицкоски поради неговото присуство на самитот на НАТО и покрај неговата претходна позиција против членството во НАТО и промената на името ги разгореа добро познатите политички наративи и омраза. Еден од коментарите гласеше: „Во која држава дојде на власт во 2017 година? Во Северна? Северот треба да ве однесе, вие сте ментално болни изопачени.“

Друг пример е трагедијата во Кочани, каде што животот го загубија 63 младо лице. Протестите што следуваа беа прикажани како антивладини, а јавниот дискурс набрзо доби непријателски тон кон демонстрантите, кои беа обвинети дека се пиони на опозицијата.

Миленко Неделковски, новинар што се поврзува со владејачката партија, отиде дури чекор понатаму со тоа што јавно повика на смрт на блиските на демонстрантите. Онлајн медиумите ја пренесоа неговата објава со наслови како:

„Миленкова ‘клетва’: ‘Да даде Господ на смртта на најмилите што протестираа некои други да злоупотребат и да протестираат’.“

Кога политичките прашања добиваат етничка димензија, се појавуваат наративи дека правосудниот систем е наклонет кон Албанците на сметка на Македонците. Овие наративи честопати се засилени од политичките партии со антиалбанска реторика, како што беше случајот со градоначалничката на Скопје, Данела Арсовска, која се обиде да санкционира дивоградби во Општина Чаир, општина со мнозинско албанско население. За време на инспекциски надзор Арсовска беше нападната, а дел од јавноста и медиумите го прикажаа инцидентот како политички и етнички мотивиран, што дополнително ги зголеми тензиите и ја засили јавната дебата за правдата и одговорноста.

Комуникацијата од двете страни беше конфронтирачка. Арсовска изјави: „Никој не ти се плаши, заедно со ѓубрето што планираш да го носиш ќе те исчистиме и тебе!“

Меѓутоа, видеоснимката покажува дека Арсовска била физички нападната, вербално навредувана и дека кон неа биле упатени закани за силување, насилство и повреда на нејзините деца.

Некои од коментарите на интернет содржеа експлицитен говор на омраза со етнички елементи, како: „Шиптарски кучиња, не знаат подобро“! и „Инцестуозно племе“, а други беа насочени кон министерот за внатрешни работи: „Кажи ѝ го ова дома на мајка ти, ти си наркоман, вошка и селанец.“

Друг политичар, Петар Богојески, е познат по користењето политичка реторика што ги засилува етничките тензии и шири наративи на поделба. Имаше обиди Богојески да биде назначен за директор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, која управува со програми, како Еразмус+, кои промовираат европски вредности, како инклузивност, демократија, човекови права и почитување на различностите. Меѓутоа, неговата историја на говор на омраза и навредлива реторика беа во директна спротивност со овие начела, што поттикна реакција од Европската комисија и спречување на неговото назначување.

## Наративи на омраза против родот

Наративите на омраза насочени против родот беа трета најчесто забележана категорија, сочинувајќи (19,9 %) од сите регистрирани случаи. Иако честопати содржат етнички, верски и политички елементи, всушност, овие наративи беа насочени кон жените и беа присутни како во медиумите на македонски јазик, така и во медиумите на албански јазик.

Во повеќе наврати, при анализата на статиите за семејно насилство врз жени, беше забележано не само неетичко известување туку и коментари со кои се оправдува насилството и се обвинува жртвата.

„Па, ако била курва, пијаница и коцкар и ја посрамотила мајка ѝ, добро е што старата не го зела ножот и не ѝ го скршила вратот како на кокошка. Добро е што поминала само со тепање."

Ниедна жена не беше имуна на штетните наративи – јавни личности, вклучително политичарки, уметнички и новинарки едноставно беа најлесно видливи примери. Наместо критиките да бидат упатени кон нивната професионална работа, тие речиси секогаш беа цел на навреди и понижувачки коментари поврзани со нивниот изглед или приватниот живот. На пример, претседателката Гордана Силјановска Давкова беше цел на напади поради нејзината возраст, а новинарки беа понижувани од колеги на начини што поттикнуваа дополнителна агресивност. Слично на тоа, пејачката Аделина Тахири стана цел на напади откако јавно сподели дека била жртва на семејно насилство. Овие примери покажуваат дека родово базираниот говор на омраза следи постојани шеми, при што жените се сведуваат на цели на лични напади наместо да се дискутираат нивните професионални достигнувања, без оглед на нивната возраст, професија или потекло.

Уште еден пример на родово базирани напади е вознемирувањето на трансродовите лица, кои се таргетирани не само од страна на главните медиуми, туку и од антиродовите движења и верските лидери. Во Северна Македонија трансродовите лица, особено транс-жените остануваат да бидат маргинализирана група со ограничена видливост и застапеност во јавниот живот. Антиродовите движења, поддржани од конзервативни организации и верски лидери, ја користат општествената конзервативност за да ги прикажат правата на трансродовите лица како закана за децата и традиционалните семејни вредности. Ова создаде услови за ширење дезинформации, јавни протести и институционални бариери, вклучително и откажување на едукативни настани за родово афирмативна грижа, со што се зајакнува стигмата и се ограничува пристапот до здравствена заштита, образование и социјално признавање.

Ваков впечатлив пример е изјавата на епископот Јаков Стобиски на конференцијата „Српскиот идентитет, српскиот јазик и Законот за родова еднаквост" на 16 јануари 2024 година во Белград, која беше преземена од онлајн медиумите и искористена како наслов.

„Епископ Јаков Стобиски: Неверојатна поврзаност меѓу прогресијата на родовата идеологија и еден вид либерализација на педофилијата на глобално ниво."

Подоцна иста реторика повтори и владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ. На настан организиран од младински организации, премиерот најави значајни промени во студентските стандарди. Во својот говор тој истакна: „Мора сите да се бориме за држава полна со млади луѓе: за многу деца во градинките, за многу деца во училиштата, за многу млади луѓе на универзитетите. Тоа значи брачна заедница помеѓу сопруг маж и сопруга жена."

Кога ваквите наративи се прифаќаат од политичките чинители и се интегрираат во официјалната државна реторика, тие добиваат легитимитет и поширок досег. На овој начин антиродовите наративи се пренесуваат од маргините на јавната дебата во официјалниот политички дискурс.

## Наративи на омраза против сексуалните малцинства

Наративите на омраза против сексуалните малцинства сочинуваа 7,3 % од сите случаи што беа предмет на мониторинг. Како и претходните години, Парадата на гордоста предизвика засилување на говорот на омраза, но оваа година во Битола беше организирана контрапарада. Некои медиуми придонесоа за ширењето на овој наратив, поттикнувајќи штетни коментари за правата и видливоста на ЛГБТИК+ заедницата, а црквата дополнително ја легитимираше преку промовирање на контрапарадата како „вистинска парада на гордоста“ и прикажувајќи го „вистинското семејство“ како дом со мајка и татко, истакнувајќи ги христијанските вредности како единствена основа за воспитување на идните генерации.

Друг пример на штетна практика на медиумите при презентирањето на оваа популација е нивното третирање единствено како статистика, што води до дехуманизација. Еден медиум, на пример, повторно објави стара статија на Фејсбук со наслов „Колку хомосексуалци живеат во Северна Македонија“ што, иако станува збор за застарени податоци, предизвика бран на негативни коментари под објавата.

Сличен случај беше забележан со статија за лица што се позитивни на ХИВ и на СИДА, каде што информациите повторно беа претставени исклучително преку статистика. Меѓутоа, во делот за коментари дискусијата брзо прерасна во говор на омраза против хомосексуалците, со коментари од типот: „Сакате ЛГБТИ-парада, а ќе завршите со СИДА.“

Ова ја покажува опасноста од дехуманизирачко прикажување и злоупотреба на статистичките податоци, кои може да ги засилат предрасудите и стигмата кон сексуалните малцинства. Дури и информации што се неутрални и фактички, кога ќе се презентираат без соодветен контекст или ќе се искористат од јавноста, може да станат алатка за ширење омраза и зајакнување на штетните стереотипи.



# Анализа на сентиментите

Регистрираните случаи беа оценети на скала од еден до шест според интензитетот на изразените сентименти, при што еден претставува најнизок интензитет, а шест највисок и се поврзува со повици за буквални убиства или елиминации на таргетираната група. Просечната оценка за сите случаи изнесуваше 2,76.

Највисокиот интензитет на омраза беше насочен кон новинарите и проверувачите на факти, со просечна оценка 3,3. Овие напади особено ескалираа по изјавите на основачот на Фејсбук, Марк Закерберг, кој ги обвини за политичка приврзаност, а одлуката на платформата да го отстрани проверувањето на факти во Соединетите Американски Држави предизвика широка јавна дебата. Овој глобален наратив беше пренесен и во локален контекст, поттикнувајќи недоверба и доведувајќи до упатување директни закани со насилство кон проверувачите на факти и медиумските работници.

Говорот на омраза заснован врз етничка припадност имаше просечна оценка 3,0, а говорот на омраза против политичките или идеолошките противници со просечна оценка 2,63, исто така, беше присутен во голема мера. Овие категории честопати се преклопуваа, при што најекстремна реторика беше забележана кон политичките противници што им припаѓаат на други етнички групи.

Кај говорот на омраза врз основа на религија со оценка 2,4 и кај хомофобијата со 2,4 беше забележан помал интензитет, а најнизок интензитет беше забележан во случајот на говорот на омраза против родот, со просечна оценка 1,8. Говорот на омраза против лица со попреченост или болести покажа просечна оценка 3,0, иако овој наод е помалку репрезентативен поради ограничениот број регистрирани случаи.

**Слика 4: Просечна оценка на сентиментите според таргетирана група/поединец**




Меѓу сите регистрирани инциденти најчеста категорија беше „несогласување“, присутна во 50 случаи. Потоа следуваа „негативно карактеризирање“ во 28 случаи, „насилство“ во 24 случаи и „негативни дејства“ во 22 случаја. Помалку застапени беа „демонизирање и дехуманизирање“ во 10 случаи и „повик за смрт“ во четири случаи. Распределбата покажува дека, иако постојат екстремни форми на нанесување штета, како што се насилство или смрт, повеќето инциденти се однесуваат на вербални или идеолошки конфликти, што ја нагласува доминацијата на несогласувањата и негативното карактеризирање во целокупната шема на штетна содржина.

# Анализа на видливоста

Овој мониторинг ги опфати како традиционалните медиуми, така и социјалните мрежи, при што посебен фокус беше ставен на случаите со висока видливост, односно оние што се појавиле во националните вести или на влијателни платформи на социјалните мрежи со широк досег.

Од сите регистрирани случаи, најголем дел потекнуваа од Фејсбук 60,9 %, потоа следуваа онлајн порталите со 28,7 % од случаите, телевизиските канали учествуваа со 4,6 %, Инстаграм со 3,4 % и Јутјуб со 2,3 %.

Важно е да се напомене дека онлајн порталите во најголем дел не објавуваа директен говор на омраза во своите содржини. Сепак, овие портали на своите страници на Фејсбук често објавуваа сензационалистички наслови и приказни што поттикнуваа ширење на говор на омраза во коментарите. Иако порталите се обврзани да ги модерираат и отстрануваат таквите коментари, во практика тие најчесто остануваа видливи, со што се овозможува неконтролирано ширење на омразата.

За целите на правење споредба, кај телевизиските канали и Инстаграм беа регистрирани помал број случаи, а на Јутјуб беа забележани ограничени, но значајни примери на штетна содржина. Сепак, Фејсбук останува да биде главен генератор на говор на омраза на интернет, како преку директни објави, така и преку ширење и засилување на содржините од традиционалните медиуми.




**СЛИКА 5**
УДЕЛ НА СОДРЖИНА ПО ВИД МЕДИУМ

# Компаративна анализа

Штетните наративи во медиумите во Северна Македонија обично имаат многу заеднички карактеристики. Поголем број случаи може да се квалификуваат во повеќе категории, што значи дека поттикнувањето омраза честопати таргетира повеќе аспекти на личниот идентитет на поединецот истовремено. Некои од случаите вклучуваа политички противници, кои беа цел на напади не само поради нивната политичка поврзаност туку и поради нивната етничка припадност. Слично на тоа, политичарките или уметничките беа изложени на говор на омраза не само поради нивната професија туку и поради нивниот приватен живот, што го илустрира преклопувањето на политичката и родово базираната пристрасност.

Ваков илустративен пример е пејачката Аделина Тахири, која беше цел на говор на омраза во повеќе медиуми и врз основа на различни аспекти на нејзиниот идентитет. Во медиумите на албански јазик таа беше критикувана бидејќи се омажила за Македонец, а во медиумите на македонски јазик беа забележани коментари на омраза поради тоа што е Албанка. Покрај тоа, таа беше нападната и во двата медиумски простора поради разликата во години со нејзиниот сопруг, етикетирајќи ја како „спонзоруша" и користејќи други погрдни зборови што упатуваат на тоа дека се омажила за пари. Ова го покажува преклопувањето на етнички, родови и општествени норми во говорот на омраза насочен кон неа.

Уште еден пример е вицепремиерот за добро владеење и транспарентност Арбен Фетаи, кој доби закана по живот на неговата официјална е-пошта по неговата изјава за поддршка на отстранувањето на дефиницијата 20 проценти за албанскиот јазик во Уставот. Фетаи на Фејсбук ја објави пораката што ја добил, а која потоа беше широко пренесена од медиумите, со наслови како: „Куршум во глава за тебе Шипо Фетаи". Овој случај илустрира како политичките позиции и етничкиот идентитет може да се преклопат во говорот на омраза на интернет и како медиумското известување може да ги засили ваквите закани.

Спортските терени честопати се простори каде што се присутни етнички мотивирани скандирања на омраза, а поврзаните навивачки групи особено се активни кога станува збор за објавување содржини за вакви настани. Еден пример е случајот со вандализам во Драчево, Скопје, каде што во локален парк беше уништена икона на Исус Христос, а покрај неа беше оставен Куран. За инцидентот во медиумите се известуваше со сензационализам, а тоа дополнително ги разгори меѓурелигиските и меѓуетничките тензии. Навивачката група Комити реагираше со изјавата: „Нема да ви простиме."

Интересно е тоа дека медиумите придонесоа за ширење на изјавата на Комити истакнувајќи ја на видно место во своите содржини. Сепак, голем дел од коментарите на граѓаните под овие написи имаа поинаков тон, нагласувајќи дека вистински верник не би извршил таков чин и за разлика од вообичаено присутните коментари, овие не беа коментари на омраза.

Овој случај ја отсликува пошироката слика во земјата, каде што исламот речиси секогаш се прикажува низ призмата на етничката припадност. Медиумите и навивачките групи дополнително го засилуваат таквото прикажување, претворајќи ги верските инциденти во алатки за разгорување на меѓуетничките тензии и остварување политички цели.

# Превентивни и реактивни мерки за борба против наративите на омраза и дезинформациите

Во Северна Македонија говорот на омраза, главно, е регулиран со Кривичниот законик, со кој се криминализира поттикнувањето национална, расна, верска или други форми на дискриминаторска омраза, раздор или нетолеранција. Со измените од 2014 година се зајакнаа овие одредби, вклучително и член 319 со кој се предвидуваат затворски казни за предизвикување или поттикнување омраза врз основа на идентитет, како и член 394-г што се однесува на ширењето расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем.

Во судската практика се забележува одреден напредок. Со еден случај беше направен значаен преседан. Имено, жител на Демир Капија доби условна казна затвор од една година поради објавување насилен говор на омраза против ЛГБТИК+ заедницата на Фејсбук. Ова претставува прва пресуда во државата за говор на омраза заснован врз сексуална ориентација и претставува важен сигнал дека правосудниот систем може да одговори на онлајн заканите и поттикнувањето омраза.

Мониторингот на медиумите покажа дека главни генератори на говор на омраза се приватните лица, најчесто преку коментари на Фејсбук, кои во голем дел остануваат несанкционирани. Онлајн порталите често објавуваат неетички или сензационалистички наслови со кои се поттикнува омраза, а претставките по овие случаи ги разгледува Советот за етика во медиумите, кој објавува одлуки, но нема овластувања за нивно спроведување. Политичарите, исто така, имаат значителна улога во ширењето говор на омраза, при што ретко сносат одговорност; на пример, и покрај многубројните претставки против Петар Богојески за говор на омраза, тој никогаш не бил санкциониран, па дури и беше назначен на раководна функција во програмата Еразмус+.

Што се однесува до дезинформациите, овие дела не се криминализирани ниту, пак, законски се санкционирани во Северна Македонија. Наместо тоа, нивното регулирање најчесто се сведува на иницијативи за проверка на факти, како што е Вистинометар, каде што се проверуваат и се идентификуваат лажни или манипулативни содржини, но без можност за предизвикување правни последици за оние што шират такви содржини.

Генерално, ова покажува дека и покрај постојната законска рамка за регулирање на говорот на омраза, во Северна Македонија недостасува политичка волја за нејзина ефикасна примена. Санкциите се изрекуваат без доследност, а случаите со висока видливост, особено оние што се поврзани со политичари, најчесто остануваат неказнети. Оваа недоследна примена, зајакната со општествените наративи дека законот се применува селективно, придонесува кон нормализирање на однесувањето што води до дискриминација и омраза.

# Заклучок

Наодите од мониторингот покажуваат колку всушност длабоко е вкоренет говорот на омраза во јавниот дискурс во Северна Македонија. Етничките, политичките и родово базираните наративи доминираат, при што често се преплетуваат и меѓусебно се засилуваат. Анализата на регистрираните 138 случаи покажа дека етничките малцинства, особено Албанците, и понатаму се главна цел, при што често се прикажуваат на начин што ги дехуманизира или стигматизира. Се применуваат изрази како „рак“, „Шиптар“ и „племе“ за да се создаде наратив на заплашување и перцепција дека „Македонците се жртви што ја изгубиле контролата врз сопствената држава“. Во таквиот наратив, манифестирањето омраза кон Албанците се изедначува со патриотизам, а нивното прифаќање или прифаќањето на други маргинализирани групи, како на пример ЛГБТИК+ лица, се прикажува како предавство. Кога сето ова ќе се спои со идеализираната слика за „патриот“ што не го прифаќа актуелното име на државата, ги презира Албанците и сексуалните малцинства, строго ја следи религиозната доктрина и се придржува кон конзервативни семејни вредности, се создава јасна поделба на Македонците во две категории: „вистински патриоти“ и таканаречени предавници или „Северџани“.

Родот, исто така, се јавува како доминантна категорија, при што многу од случаите имаа јасна родова димензија, особено во однос на жените. Иако мониторингот опфати медиуми и на македонски и на албански јазик, речиси и немаше разлики во случаите на родово базиран говор на омраза. Во двата медиумски простора најчесто жените беа критикувани и навредувани врз основа на нивниот приватен живот наместо врз основа на нивните професионални квалитети. Ова покажува дека, независно од етничката припадност, чувството за родова еднаквост сè уште не е доволно развиено и дека штетните стереотипи за однесувањето и улогите на жените остануваат длабоко вкоренети во јавниот дискурс.

Социјалните мрежи се клучни канали за ширење говор на омраза, при што најголем дел од штетната содржина ја генерираат приватни лица. Веднаш зад нив се онлајн медиумите што објавуваат сензационалистички и неетички содржини. Ова покажува дека медиумите дури и не мора директно да објават говор на омраза, доволно е во насловот да ја спомена етничката припадност или да известат за сензационализирана лична приказна или понекогаш дури и еден обичен настан е доволен за да се предизвика бран на коментари на омраза. Од една страна, ова ги одразува длабоките поделби во општеството и анонимноста на социјалните мрежи, каде што луѓето се чувствуваат дека може да кажат сè без да сносат последици. Од друга страна, ја истакнува итната потреба од ефективно модерирање на коментарите и содржините, како и од зајакнување на медиумската писменост на населението што и понатаму лесно подлегнува на манипулации и омраза.

Меѓу овие приватни лица често се појавуваат политичарите што ги користат своите профили за поттикнување омраза, било преку креирање инциденти или преку споделување ставови што се нивни лични, а не официјални и институционални. Потоа медиумите ги преземаат и ги пренесуваат овие изјави како вести, со што се зголемува нивниот досег. Ваквата практика, заедно со отсуството на санкции, создава простор во кој, иако постојат закони против говорот на омраза, нивното спроведување во голема мера зависи од политичката волја или од субјективните морални процени. Отсуството на одговорност овозможува говорот на омраза да опстанува и да ги продлабочува поделбите и непријателството. Ова дополнително ја нагласува итната потреба од позитивни наративи што ќе понудат алтернативни перспективи и ќе ѝ се спротивставаат на штетната реторика.

Reporting Diversity Network

ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Co-funded by the European Union

Norway

SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans